4801,16

Утрински весник
САБОТА-НЕДЕЛА 6-7 ЈУНИ 2015



„Скица за етикецијата“

# Кристина Пулејкова и Џумана Мана наградени на XI биенале на млади уметници



„Капсула“

Уметниците Кристина Пулејкова од Македонија и Џумана Мана од Германија се наградени од Музејот на современата уметност Скопје, како најуспешни автори на дела што беа презентирани на XI Биенале на млади уметници што годинава беше со меѓународен карактер и без зададена тема, а се одржуваше од 8 мај во „Мала станица“. Наградата е самостојна изложба како дел од програмата на Музејот за 2016 година и е доделена на еден домашен и еден странски автор. Според одлуката на жири-комисијата, остварувањата на Пулејкова и Мана се сметаат за најубедливи достигнувања, иако на изложбата, како што е оценето, имаше и повеќе дела со високи вредности. Наградата авторите ќе ја реализираат со средства што ќе бидат одобрени од Министерството за култура.

Кристина Пулејкова (Скопје, 1988) е наградена за анимираното видео „Капсула“, 2014, кое ги истражува концептите на времето и субјективната перцепција на времето. Таа дипломирала и магистрирала на Универзитетот за применети уметности во Виена, насока сликарство, таписерија и експериментална анимација. Постдипломски студии завршила на колеџот Централ Сент Мартинс во Лондон. Самостојно изложувала во Виена и Лондон, а учествувала и на групни претставувања во повеќе европски градови.

Палестинката Џумана Мана (1987), пак, наградата на Биенале ја доби за видеото „Скица за етикецијата“ 2013 година, инспирирано од Алфред Рош, членот на палестинскиот Национален сојуз, политичар со боемски склоности. Во 1942 година, во кулминацијата на Втората светска војна, тој го организирал последниот маскенбал во Палестина.

Џумана Мана е родена во Америка, дипломирала на „CalArts“ (Масачусетс,) како и на Националната уметничка академија во Осло и Академијата за уметност и дизајн „Безалел“во Ерусалим. Реализирала самостојни изложби во Њујорк, Осло и Берлин каде што живее и работи. (К.Б.)